## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**560.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2005 година.

Бр. 07-1890/1
19 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

### З А К О Н
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002 и 46/2002), по членот 3 се додава нов член 3-а, кој гласи:

"Член 3-а

При утврдување на правото за исплата на нето платите согласно со членот 3 од овој закон не се земаат нето платите на избраните и именуваните лица во Републиката пресметани согласно со Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

### L I G J I
### PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PAGIMIN E RROGAVE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për pagimin e rrogave në Republikën e Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002 dhe 46/2002), pas nenit 3 shtohet nen i ri 3-a si vijon:

“Neni 3-a

Gjatë përcaktimit të së drejtës për pagimin e rrogave neto në pajtim me nenin 3 nga ky ligj, nuk merren rrogat neto të personave të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë të llogaritura në pajtim me Ligjin për rrogë dhe kompensime të tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe personave të tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**561.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2005 година.

Бр. 07-1891/1
19 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 38/91 и 23/97), членот 11 се менува и гласи:

“Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика."

Член 2

Во членот 27 став 1 точки 1, 3, 5 и 6 зборовите: "стопанството на" се бришат.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

### L I G J I
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR RROGË DHE KOMPENSIME TË TJERA TË DEPUTETËVE NË KUVENDIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE PERSONAVE TË TJERË TË ZGJEDHUR DHE TË EMËRUAR NË REPUBLIKË

Neni 1

Në Ligjin për rrogë dhe kompensimet tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe të personave të tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë (“Gazeta zyrtare e RSM-së” numër 36/90, dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 38/91 dhe 23/97), neni 11 ndryshon si vijon:

"Bazë për llogaritjen e rrogës është rroga neto mesatare mujore e paguar për të punësuar në Republikë për vitin e kaluar, sipas të dhënave të Entit Republikan për Statistikë".

Neni 2

Në nenin 27, paragrafi 1 pika 1, 3, 5 dhe 6 fjalët: "ekonominë e" fshihen.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**562.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од пушењето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 мај 2005 година.

Бр. 07-1917/1
20 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО**

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95,70/2003 и 29/2004), во членот 1 од Законот за изменување на Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2004), зборовите: "до јуни 2005 година" се заменуваат со зборовите: "до 31 декември 2005 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**L I G J I**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE NGA PIRJA E DUHANIT**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje nga pirja e duhanit ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 36/95, 70/2003 dhe 29/2004), në nenin 1 të Ligjit për ndryshimin e Ligjit për mbrojtje nga pirja e duhanit ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2004), fjalët: "deri në qershor të vitit 2005" zëvendësohen me fjalët: "deri në dhjetor të vitit 2005".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**563.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 мај 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД - ГЕВГЕЛИЈА**

1. Од функцијата судија на Основниот суд - Гевгелија, се разрешува Томислав Симеоновски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1859/1
18 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**564.**

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 мај 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО - ШТИП**

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство - Штип, се разрешува Костадин Бојаџиски, поради исполнување услови за старосна пензија, заклучно со 31 мај 2005 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1902/1
18 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**565.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 мај 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ ВО СКОПЈЕ И БИТОЛА**

1. За судии на Апелациониот суд - Скопје се избрани:

- Олга Ангелова, судија на Основниот суд Скопје I - Скопје,
- Мустафа Дардхишта, член на Републичкиот судски совет,
- Славица Попчевска, судија на Основниот суд Скопје II - Скопје и
- Мери Дика Георгиевска, судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

2. За судија на Апелациониот суд - Битола е избран

- Петре Србиновски, судија на Основниот суд - Битола.